# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ
# ОПШТИНА КРУШЕВО
# 2013-2017

## НАШИ ПРИОРИТЕТИ ВО НАРЕДНИОТ МАНДАТ

- Индустриска зона Сува Река - Опаленик
- Реконструкција на дел од секундарна мрежа во градот
- Отворање Дом за стари лица во Крушево
- Реконструкција на локален пат (с.Кривогаштани) – с.Светомитрани – с.Бучин
- Изградба на локален пат Борино – Житоше
- Асфалтирање на улици во селата

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Една од поголемите наши заложби ќе биде ставањето во економска активност на погонот на ЕМО од Охрид, на таков начин што постојано ќе иницираме активности со кои ќе ги подржуваме сите иницијативи и напори од било која страна насочени кон побрзо надминување на постојните состојби поврзани со погонот на ЕМО, со цел негово повторно ставање во економска активност и обезбедување на работни места.

Јакнејќи ги континуирано капацитетите на одделението за локален економски развој на општината, ќе овозможиме успешно спроведување на локалната стратегија за економски развој, а тоа подразбира и квалитетна подготовка и реализација на поголем број проекти кои ќе понудиме да бидат финансирани од страна на предпристапните европски фондови и други донаторски финансиски меѓународни институции. Меѓудругото во идниот четиригодишен мандат ќе посветиме значајно внимание на реализација и на следните проекти:

### Проект: Индустриска зона Сува Река - Опаленик

Во регионот Сува Река - Опаленик на локацијата каде веќе постојат неколку стопански објекти, ќе извршиме урбанизирање на десетина парцели со различна големина наменети за изградба на стопански капацитети во кои ќе се вработат жители од општината. На заинтересираните инвеститори ќе им овозможиме бенефиции преку целосно ослободување од комуналните надоместоци.

**Средства:** 1.200.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

### Проект: Туристичка развојна зона

Во околината на Крушево ќе биде избрана локација на која ќе се овозможи градба на мини хотели, помали сместувачки капацитети и викенд населба.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

### Проект: Формирање на Економски совет

Економскиот совет ќе претставува тело во кој ќе членуваат претставници на локалната бизнис заедница и градоначалникот и ќе биде место каде ќе се разгледуваат главните прашања за економски развој на општината, но и ќе се даваат иницијативи за подобрување на бизнис климата на локално ниво. Економскиот совет ќе биде во функција на промоција на условите за инвестирање во општината.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Основни приоритети на ВМРО-ДПМНЕ во областа на образованието се осовременување и унапредување на квалитетот на воспитно образовниот процес на сите степени (основно, средно и високо образование), создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развивање на здрава психо физичка личност. Со спроведената децентрализација основните приоритети од областа на образованието ќе бидат поттик за спроведување и на локално ниво.

Покрај проектите: **„Бесплатни учебници за сите ученици од основно и средно образование“, „Бесплатен интернет во сите основни и средни училишта“, „Опремување на училиштата и училишните кабинети“** кои континуирано ќе се имплементираат во наредниот период и ќе се финансираат со средства обезбедени од програмите на Владата на Република Македонија, од особено значење за Нас ќе бидат и:

**Проект: Изградба на монтажно училиште во с.Светомитрани**
**Средства:** 3.500.000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Република Македонија

Рок: 2013

**Проект: Реконструкција на училишна зграда во с.Саждево и изградба на нова училница**
Досегашната училишна зграда е руинирана и заради тоа ќе се направи комплетна реконструкција на постоечката училишна зграда со промена на електричната инсталација, малтарење, промена на стариот и дотраен под, промена на дел од дограмата како и реконструкција на фасадата и кровната конструкција. Дополнително ќе се догради уште една нова училница со која ќе се задоволат потребите на учениците.

**Средства:** 1. 220.000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014

**Проект: Реконструкција на подрачното училиште во с.Борино**
Реконструкцијата ќе опфати: комплетно нови санитарни јазли, целосна реконструкција на фасадата, промена на дограмата во помошните простории и поплочување на влезната патека до самиот објект. На овој начин би се обезбедиле далеку подобри услови за учење на учениците од ова село.

**Средства:** 610.000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016

**Проект: Реконструкција на подрачното училиште во с.Белушино**
Со проектот ќе извршиме комплетна реконструкција на училишната зграда во с.Белушино со цел подобрување на квалитетот на наставата и обезбедување на основните услови за учење.

**Средства:** 1.525. 000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок:2016

**Проект: Комплетна промена на кровната конструкција во училиште во с.Бучин**
За посовремено и побезбедно училиште ќе се промени и кровната конструкција на училишната зграда во с.Бучин, со што ќе се добие комплетно современо и безбедно училиште.

**Средства:** 480. 000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015

**Проект: Комплетна реконструкција на фасадата на училишната зграда во с. Пресил**
Ќе направиме комплетна реконструкција на фасадата на училишната зграда во с. Пресил со што ќе добие поубав и достоен изглед.

**Средства:** 214.000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014

**Проект: Комплетна промена на дограмата во училиштето во с.Бучин**

Како комплетно би се осовременила училишната зграда во с. Бучин, а исто така би дошло до заштеда на топлината во училниците, но и во целата училишна зграда, комплетно ќе се промени дограмата (столаријата) на зградата.

**Средства:** 360. 000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015

**Проект: Партерно уредување и поставување на урбана опрема во училишни дворови**

Дворовите на училиштата во с.Бучин, с.Св.Митрани, с.Врбоец, с.Норово, с.Пресил, с.Белушино ќе добијат многу поубав изглед откако партерно ќе бидат уредени и во нив ќе биде поставена соодветна урбана опрема.

**Средства:** 1.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015

**Проект: „Општината ги стипендира најдобрите"**

Со цел да ги поттикнеме најдобрите ученици, средношколци и спортисти, општинската администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ согласно со капацитетите и можностите на општината, во соработка со приватниот сектор и странски донатори ќе обезбедуваме средства за стипендирање на најдобрите ученици, средношколци и спортисти. Со овој проект ќе го поттикнеме јакнењето на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието.

**Средства:** 200.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Поставување на громобрани на училишните згради во сите училишта во општина Крушево**

Заради поголема заштита и безбедност на учениците и на објектите од надворешни влијанија ќе се пристапи кон поставување на громобрани на сите училишни згради во општина Крушево

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014

**Проект: „Сакам да бидам"**

Со цел да ги осознаат своите можности на учениците кои го завршуваат своето основно или средно образование, преку одржување на соодветни бесплатни предавања од страна на релевантни предавачи ќе им овозможиме да добиваат визија за својата идна ориентација во школувањето.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

# СПОРТ И МЛАДИ

**Проект: Изградба на нова спортска сала**

Крушево во моментов располага со спортска сала со нестандардни димензии во која не може да се одвиваат натпревари од кошарка и ракомет, а имајќи го во предвид промовирањето на Крушево во спортски центар за припреми на различен вид на

спортисти неопходна е изградба на нова спортска сала каде овие спортови ќе може да се изведуваат.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013-2017

**Проект: Изградба на затворен базен**

Ќе изградиме затворен базен со ватерполо димензии 33м на 25м.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013 – 2017

**Проект: Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште**

Повеќенаменското игралишта ќе биде ставено на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштето ќе може да се користи деноноќно, ќе биде место за собирање и дружење на младите генерации како одлична превентива од пороците на модерното живеење.

**Средства:** 5.000.000,00

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013 – 2015

**Проект: Изградба на еден двоен терен за тенис**

Со изградбата на тениски терен на нашите млади тениски таленти им овозможуваме да се развиваат во идни професионали тенисери, но истовремено им овозможуваме на сите рекреативци, кои од ден на ден ги има во сé поголем број, да се занимаваат со овој интересен спорт. Тенискиот терен ќе биде современ, целосно инфраструктурно поврзан, со осветлување за ноќни натпревари, пристапни патеки, жичана ограда, и што е најбитно најсовремена подлога по сите стандарди на Светската тениска асоцијација.

**Средства:** 6.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013 – 2015

**Проект: изградба на Центар за екстремни спортови**

Како специфика за задоволување на потребите на љубителите на спортовите кои меѓународните трендови ги препознаваат како екстремни, а чија популарност во светот се зголемува, вклучително во насока на збогатување на понудата на Република Македонија во постоење форми на активности во спортскиот туризам, предвидена е изградба на центар од овој вид каде повеќе карактерно ќе бидат опфатени дисциплини од екстремните спортови како: параглајдинг, планински велосипедизам (монт бајк) и соодветни дисциплини од скијачките спортови, вклучително алпинизмот.

Проектот ќе опфати: **Изградба на snowboard патеки; Изградба на патеки за планински велосипедизам (mountainbike); Уредување на теренот за параглајдерство.**

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ, Буџет на Општина, Национални спортски федерации

Рок: 2013 – 2017

**Проект: Уредување на патека за скијање под жичарата**

Постојната скијачка патека под жичарницата во моментов не се користи од причина што и е потребна комплетна реконструкција која ќе опфати чистење, отстранување на карпи, проширување на патеката, поставување на заштитна ограда и на тој начин да се стави во услуга на љубителите на скијањето.

**Средства:** 1.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината Рок: 2014

**Проект: План за развивање на планинарството**

Ќе извршиме промоција на можностите и ќе спроведеме план со кој ќе обезбедиме потребни ресурси за развој на планинарскиот спорт и планинарењето како рекреација, со оглед на тоа што Крушево се наоѓа на надморска височина од 1.250 m и претставува погоден терен за тоа.

**Средства:** 100.000,00 годишно

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-континуирано

**Поддршка на сите спортски клубови од општината**

Во Општина Крушево функционираат и опстојуваат одбојкарски клуб „Синалко" во машка конкуренција, одбојкарски клуб „Крушево 2006" во женска конкуренција, фудбалски клуб „Питу Гули", пинг-понгарски клуб „Крушево", клуб за нордиско трчање „Олимпик". Сите финансиски ќе бидат поддржувани во наредниот четири годишен период.

**Средства:** 1.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Организација на спортски натпревари и турнири кои ќе се одржуваат на територијата на општина Крушево**

Ќе даваме свој придонес при организацијата на повеќе спортски манифестации и турнири како што е Меѓународниот меморијален турнир во одбојка "Тоше Проески", турнири во параглајдерство, пинг-понг и други.

**Средства:** 500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013 – 2017

**Проект: Основање училишни спортски клубови**

Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт, предвидено е основање на училишни спортски клубови во повеќе спортови кои треба да претставуваат основа за остварување на огромните општествени придобивки кои ги претполага развојот и негувањето на училишниот спорт како национална определба.

**Средства:** 100.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ и Буџет на општина

Рок: 2013 -2017

**Проект: Училишни лиги**

Во Општина Крушево ќе се воведе постојана практика на организирање на училишни лиги во различни спортови (фудбал, кошарка, ракомет и сл.), со цел најнапред да се одиграат натпревари помеѓу различните одделенски екипи во едно училиште, по што најдобрите екипи ќе се квалификуваат за меѓуучилишни натпревари. Со воведувањето на училишните лиги ќе се поттикне натпреварувачкиот дух кај најголем дел на учениците и на ваков начин ќе се селектираат најдобрите спортисти во училиштата. Општината ќе ја дава потребната поддршка на овој проект.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината и Буџет на РМ

Рок: 2013-континуирано

## Проект: Маалски фудбал и баскет

Целта на концептот на проектот е да се изврши возобновување на практикувањето и воедно воспоставување систем на натпревари во т.н. маалски фудбал и баскет за маалски тимови, кои подоцна би се вклучиле во систем на општински, зонски, регионални и државни натпревари.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ, Национални спортски Федерации и Буџет на општината

Рок: 2013- континуирано

## Проект – СПОРТСКО ЛЕТО – „Спорт за сите“

Реализацијата на овој проект ќе овозможи популаризација на повеќе спортови каде што на едно место, во период од неколку денови во летниот период, ќе се врши презентација на истите, вклучително бесплатни часови за обука.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013-континуирано

## Проект: „Вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање“

Проектот ќе го реализираме преку следните активности:

### Формирање на локален младински совет

За да се обезбеди институционално учество на младите во донесување на одлуки во локалната самоуправа ќе се формира локален совет на млади. Преку локалниот младински совет би се обезбедило активно учество на младите во процесите на донесување одлуки, во општествениот јавен живот. Во рамки на поддршка на локални младински проекти, единицата на локалната самоуправа ќе обезбеди средства преку нејзиниот буџет, со што би ги поттикнала младите луѓе да бидат активни и да размислуваат и делуваат кон подобрување на средината и заедницата во која живеат. На тој начин, се создава партнерство преку кое младите и единицата на локалната самоуправа заеднички ќе го подобруваат квалитетот на живеење во општината. Овој проект ќе се спроведува од страна на единицата на локалната самоуправа, а во соработка со Агенцијата за млади и спорт и невладините организации.

### Изготвување и спроведување на локална младинска стратегија

Целта на локалната младинска стратегија е посеопфатно третирање на проблемите на младите и изнаоѓање решенија за истите. Иницијативата произлегува од Агенцијата за млади и спорт преку приоритетите изложени во Националната стратегија за млади и Акциониот план за спроведување на истата. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и невладините организации.

### Формирање на младински информативни и советодавни центри

Во Младинските информативни и советодавни центри младите ќе имаат пристап до сеопфатни, разбирливи, точни, навремени и употребливи информации, дизајнирани според нивните потреби, како и нивно директно учество во процесот на младинско информирање на неформален начин, во пријателска атмосфера, при што ќе имаат можност за размена на најдобрите практики и искуства, проблеми и можности за соодветна обука. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и невладините организации.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок: 2013-2014

**Проект: Поддршка за младите таленти од Крушево**

Општината ќе обезбеди поддршка во школување и усовршување на млади таленти од Крушево, како и стипендии за млади таленти со постигнати значајни резултати во различни области.

**Средства:** 200.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

**Трибини за неформално образование**

Општина Крушево преку организирање на јавни трибини и други настани ќе ги промовира важноста и потенцијалните придобивки од неформалното образование, со кое се подобруваат вештините, познавањата и способностите на младите луѓе и зголемуваат можностите за нивно вработување.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

**Трибини за подигнување на свеста кај младите за претприемништво**

Целта на трибините ќе биде на истите да се истакнат можностите за младите кои се создаваат преку развивање на претприемничката иницијатива. На нив ќе се презентираат позитивните примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите кои ги нуди државата за започнување на сопствен бизнис.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

**Хуманитарна акција за помош на младите од социјално загрозени семејства - ДОНИРАЈ!**

Се состои во уредување на дел на веб страницата на Општината на која ќе има известувања за потребата и начинот на донирање на парична помош, облека, спортска опрема, спортски реквизити, кои потоа ќе бидат давани на социјално загрозени семејства.

Рок: 2013- континуирано

**Организирање Кампања „Стоп на пороците“**

Преку системот на образование, но и преку одржување на трибини во населените места во општината ќе се влијае врз младите со цел избегнување на штетните последици од конзумирање на наркотични средства, цигари и алкохол, односно за начините за борба против пороците и зависностите на 21 век.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

**Организирање доброволна крводарителска акција во која учество ќе земаат и спортистите**

Ќе организираме неколку доброволни крводарителски акции во Крушево во соработка со спортистите и Црвен крст, со цел давање на позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.

Рок: 2013-континуирано

## ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

**Организирање на бесплатни обуки за компјутерски вештини наменети за ранливите категории**

Во соработка со Интернет клубот ќе се организираат бесплатни компјутерски обуки за сите припадници на ранливите категории на граѓани, со цел стекнување поголемо знаење од областа на информатичката технологија

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

## УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

На проблемот со цврстиот отпад, ќе му посветиме значајно внимание, најнапред преку модернизирање и осовременување на техничката база и организациската основа во Јавното комунално претпријатие Крушево, со што услугите на граѓаните ќе ги подигнеме на уште повисоко ниво, како и во санирање на дивите депонии, како предуслов за изградба на мрежата на регионални депонии кои ќе работат по стандардите на ЕУ со воспоставување на интегриран систем на управување со отпад, со што отпадот повеќе нема да претставува проблем, туку ќе има економска валоризација.

**Проект: Изработка на урбанистички план врз основа на Законот за Крушево - заштитена зона.**

За да може да се спроведе Законот за прогласување на споменичката целина на Крушево за културно наследство од особено значење, со кој поголем дел од градот е прогласен за заштитена целина, ќе се изготви нов детален урбанистички план за град Крушево.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2014

**Проект: Изработка на урбанистичко - планска документација за просторот на местото за параглајдерство**

Опфаќа уредување на урбанистичка документација со која се предвидува изградба на ресторан со видиковец, соблекувални и слично, како би се обезбедиле соодветни услови за развој на параглајдерството и организирање на различни турнири;

**Средства:** 490.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013

**Проект: Изработка на урбанистичко- планска документација заместоста – историски локалитет Мечкин Камен**

Со цел зачувување на историското наследство и значење на месноста Мечкин Камен ќе се изработи урбанистичко – планска документација со која е предвидено целосно уредување на споменичната целина Мечкин Камен.

**Средства:** 490.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013

**Проект: Изработка на урбанистичко - планска документација за изградба на нова спортска сала**

Имајќи го во предвид промовирањето на Крушево во спортски центар со услови за припреми на спортисти од повеќе спортови, неопходна е изградба на нова спортска сала според утврдени стандарди, каде овие спортови ќе може да се изведуваат. Веднаш ќе

пристапиме кон урбанизирање на предвидениот простор и ќе создадеме потребни услови за нејзина изградба.
**Средства:** 600.000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013

**Проект: Донесување на урбанистичко- планска документација за отворање на индустриска зона во општина Крушево**
Проектот опфаќа обнова на постоен ДУП за индустриската зона каде се лоцирани постојните стопански објекти со негово детализирање и предвидување поединечни парцели како би можеле да се пуштат на продажба

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013

**Проект: Изградба на фонтана покрај црквата Св.Никола**
Со проширувањето на Градскиот плоштад Никола Мартиноски до црквата Св. Никола ќе се отвори простор на кој ќе се постави нова фонтана со што плоштадот би добил уште подобар изглед.

**Средства:** 700.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

## ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ И КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ

**Проект: Реконструкција на дел од секундарна мрежа во градот**
Проектот опфаќа промена на дел од секундарна мрежа во градот со што ќе се решат постојните проблеми со водоснабдувањето и загубите на чиста вода за пиење.

**Средства:** 17.500.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2014 – 2017

**Проект: Изградба на инфраструктурни објекти во Вршник**
Предвидуваме изградба на водоводна мрежа, сепарирана канализациона мрежа со пречистителна станица и станбени улици во викенд зоната Вршник.

**Средства:** 54.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013-2015

**Проект: Реконструкција и изградба на резервоар за вода во с.Борино**
Со цел подобрување на основните животни услови во селото ќе изградиме нов резервоар од 150м3.
**Средства:** 4.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016

**Проект: Изградба на цевковод во с.Саждево**
Во с.Саждево ќе изградиме цевковод во должина од 2,5 км од разделна шахта на Регионален Водовод Студенчица до резервоар Саждево.

**Средства:** 3.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2014

**Проект: Изградба на цевковод од с.Норово до с.Врбоец**

Ќе изградиме цевковод во должина од 9 км од разделна шахта Норово до шахта Врбоец на Регионален систем Бучин.

**Средства:** 5.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013

**Проект: Изградба на канализациона мрежа во с.Свето Митрани**

Во с.Свето Митрани ќе се изгради нова канализациона мрежа со што ќе се подобрат животните услови во селото.

**Средства:** 6.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2014

**УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**

**Проект: Уредување на зелените површини на месноста Гумење како и изградба на детско забавно игралиште**

Уредувањето на зелените површини на месноста Гумење е од витално значење за самиот комплекс бидејќи со досегашните градежни работи кои се одвиваа на тој простор тие површини беа уништени. Со нивно уредување и поставување на детско игралиште граѓаните на општина Крушево, а посебно децата ќе добијат пристојно место за рекреација.

**Средства:** 600.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014

**Проект: Уредување на јавните зелени површини во Викенд Зона во Крушево и изградба на детско забавно игралиште**

Со уредување на овие зелени површини ќе се отпочне по завршувањето на изградбата на самата населба која е во тек.

**Средства:** 600.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015

**Проект: Уредување на зелените површини околу Крушевското Езеро**

Проектот опфаќа хортикултурно уредување на Крушевското Езеро со зелени површини, цветни насади, поставување на 2 видиковци.

**Средства:** 500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015

**Проект: Изградба и опремување на детско игралиште веднаш под хотел Монтана во Крушево**

Просторот под хотелот Монтана сега е запуштен и планираме да го оплемениме со изградба на детско игралиште и хортикултура како жителите и децата од тој дел на град Крушево би имале простор за рекреација.

**Средства:** 600.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014

**Проект: Изградба на детски игралишта во населените места во с.Норово, с.Борино, с.Јакреново, с.Алданци и с.Врбоец**

Детските игралишта во овие населени места ќе бидат направени со бекатон коцки, заштитна ограда, поставување на спортски реквизити и друга урбана опрема.

**Средства:** 1.500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014-2016

**Проект: Санирање и уредување на просторот околу спомениците на Илинденското востание и НОБ**

Проектот опфаќа хортикултурно и партерно уредување на сите спомен обележја од Илинденското Востание и НОБ, како и поставување на клупи, канделабри и друга урбана опрема со што би покажале достојна грижа за оние кои ги втемелиле животите за слободата на Македонија.

**Средства:** 600.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013

**УРЕДУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**Проект: Осветлување на патеката за скијање под жичарницата**

Со реализацијата на проектот ќе се овозможи вечерно скијање со што ќе се подобри туристичката понуда на градот.

**Средства:** 2.200.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** ЕЛЕМ

Рок: 2013

**Проект: Осветлување на Коријата на излезот од градот**

Од детското одмаралиште Шула Мина до крајот на коријата со поставување на канделабри на самите дрва со што би се овозможило рекреација и прошетки и во вечерните часови;

**Средства:** 500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок:2015

**Проект: Комплетна замена на старите светилки со нови поекономични**

Со цел заштеда на електрична енергија ќе се пристапи кон промена на постојните сијалични места со нови поекономични.

**Извори на финансирање:** Јавно-приватно партнерство

Рок: 2013-2015

**Проект: Осветлување на споменициите**

Ќе поставиме рефлектори и канделабри на просторот кај споменициите во чест на паднатите борци за слобода во Илинденското востание и во НОБ, со што обележјата ќе бидат осветлени и ќе станат позабележителни и препознатливи и во вечерните часови.

**Средства:** 300.000, 00 ден

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок: 2013

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

- Поддршка на земјоделците преку отворање на посебен центар за редовно информирање на примарните производители, обука на земјоделците за подготовка на проекти за искористување на ИПАРД средствата за изградба на производни и преработувачки капацитети и другите мерки на поддршка на Владата на Република Македонија, советувања за употреба на добри земјоделски и хигиенски пракси за сточарите за подобрување на квалитетот на млекото;
- Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси во делот на говедарството, овчарството и козарството;
- Поддршка при формирање на земјоделски задруги заради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање (простории, помош за патувања и др.);
- Промоција и популаризација на развојот на органското производство, сточарството, собирањето и третманот на самоникнатите растенија, на руралниот туризам, како и на искористување на средствата од програмите за финансиска поддршка и ИПАРД преку советувања со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други експерти;
- Поддршка во формирање на машински прстени за заедничко користење на механизација на земјоделците поддржани од програмите на Владата на Република Македонија и ИПАРД;
- Привлекување на инвеститори (домашни или странски) преку олеснување на условите за градба и објавување локација за отворање на откупен центар за земјоделски производи (особено за откуп на кромид) со што треба да се подобри пласманот на земјоделските производи во општината и да се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите и
- Константно посредување и зајакнување на соработката меѓу индивидуалните земјоделци и преработувачите од РМ како и соработка со странски преработувачи и увозници на земјоделски производи од нашиот регион.

**Проект: Донесување Програма за локален рурален развој**

Со четиригодишната Програма ќе опфатиме изградба на полски патчиња на територијата на општината кои треба да го олеснат пристапот на земјоделците до обработливите површини, изградба на патчиња во населените места од општината и други инфраструктурни објекти кои ќе допринесуваат за подобрување на условите за живот, како и реконструкција и одржување (чистење) на каналите за наводнување.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок: 2013

**Проект: Промоција на земјоделски и шумски производи на меѓународни саеми**

Ќе го брендираме кромидот кој го има во големо количество во с.Бучин, како посебно специфичен земјоделски производ од ова подрачје. Ќе се промовираат на различни домашни саеми и манифестации производи од шумски плодови, разни билки и чаеви кои виреат на планинското подрачје на Крушево преку изработка на брошури и друг промотивен материјал со карактеристики на производите. Во таа насока ќе ги користиме активностите и дел од средствата предвидени во програмите на владините институции.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината и Буџет на РМ

Рок: 2013-континуирано

# ТУРИЗАМ

Општина Крушево и понатаму ќе биде посветена на поголемо искористување на своите конкурентски предности и притоа максимално ќе се залага да ги развива и промовира најразличните видови на туризам, особено зимскиот, планинскиот, спортскиот, културниот, руралниот и други алтернативни форми на туризам.

**Проект: Изготвување и спроведување на Мастер план за развој на туризмот во Општина Крушево**

Планот за развој на туризмот во општина Крушево ќе биде во целост усогласен со Националната Програма за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија и притоа ќе даде акцент на:

- Промоција на можностите и потребите од искористување на сите приватни сместувачки капацитети, како и поддршка во исполнувањето на условите при стандардизирањето на сите сместувачки капацитети, особено на приватните;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси и капацитети за развој на спортски, планински и рекреативен туризам;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси за развој на културниот туризам, со значаен осврт и на т.н. манастирски, односно црковен туризам и изработка на мапа на религиозни објекти на територијата на Општина Крушево;
- Промоција на можностите со план за обезбедување на потребните ресурси и капацитети за развој на рурален туризам, со посебен акцент во планинските села Д.Дивјаци, с.Пуста Река и
- Промоција на идејата: Крушево - туристичка дестинација 365 дена.

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок: 2013 – 2017

**Проект: Формирање на Туристичко биро**

Туристичкото биро ќе биде во функција на развој на туризмот, како основна препознатлива дејност на крушевчани и истото на едно место ќе ги нуди сите потребни информации потребни на туристите кои ќе ја посетат Општината;

**Средства:** 800.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013

# КУЛТУРА

**Проект: Целосно уредување на месноста Мечкин Камен**

Со реализација на проектот месноста Мечкин Камен ќе се претвори во пристојно културно - историско место на кое традиционално секоја година се одржуваат Научно Културните средби „Десет Дена Крушевска Република“.

**Средства:** 5.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013

**Проект: Изградба на Кино сала**

Ќе изградиме и адаптираме простор во Домот на култура „Наум Наумовски - Борче" - Крушево во кино сала која истовремено може да се користи и како место за одржување на театарски претстави и други културни манифестации.

**Средства:** 1.000 000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината и Буџет на РМ

Рок: 2016

**Проект: Обнова и конзервација на повеќе фасади на објекти кои се прогласени како заштитено културно наследство во Крушево**

Со обновата и конзервација на повеќе фасади на објекти кои се прогласени како заштитено културно наследство во Крушево, почнувајќи од плоштадот Никола Мартиноски, Крушевските скали па се до местото викано „Преткафени" ќе се зачува автентичноста на старата градска архитектура и ќе седобие современа улица пријатна за пешачење на граѓаните и туристите кои би сакале да го разгледаат градот и без возила би стигнале до Гумење и спортскиот центар.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2017 година

**Проект: Поставување на споменик во месноста „Слива"**

Водени од историската важност на месноста Слива каде се одиграла познатата битка за време на Илинденското востание, ќе се постави споменик на Војводата Ѓорѓи Стојанов и хортикултурно ќе се уреди просторот околу споменикот.

**Средства:** 1.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ -Министерство за култура

Рок: 2015

**Проект: Заштита на иконостасот во црквата „Св. Јован"**

Заштитата е неопходна бидејќи се работи за иконостас единствен и редок по својата изработка, а доста препознатлив и автентичен за Крушево.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ-Завод за заштита

Рок: 2013-2015

**Проект: Одржување на Манифестацијата „Крушево Етно Град"**

Манифестацијата традиционално ќе се одржува и во наредниот мандат. Истата е препознатлива само за Крушево и со дополнителна посветеност ќе придонесеме за нејзина поголема промоција, со цел таа да се развие во препознатлив белег на општина Крушево

**Средства:** 1.500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-континуирано

**Проект: Одржување на Манифестацијата; Научно – културни средба „Десет дена Крушевска Република“**

Манифестацијата традиционално ќе се одржува и во наредниот мандат и ќе и дадеме врвен приоритет со оглед на вниманието кое го привлекува кај огромен број на посетители како од нашата земја така и од странство.

**Средства:** 500. 000, 00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-континуирано

**Проект: Одржување на Саеми на ракотворби**

Ќе организираме повеќе саеми на ракотворби препознатливи за крушевскиот регион во соработка со повеќе невладини организации, како можност за привлекување на посетители, љубители на рачно изработени предмети кои би ги понеле како сувенир од Крушево. Тоа е поттик и за навраќање кон старите занаети, како и кон малите бизниси во кои може одреден број на граѓани да побараат извор на семејни приходи.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-континуирано

**Проект: Организирање на манифестација „ Крушевска софра“**

Преку манифестацијата на најдобар начин како солидна туристичка понуда се врши промоција на крушевските традиционални специјалитети, а со тоа и промовирање на Крушево во т.н. slow town.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-континуирано

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Со зголемен интензитет ќе ја збогатуваме и унапредуваме соработката на сите полиња со отпорано збратимените градови: *Банско- Република Бугарија; *Каварна – Република Бугарија; *Берат – Република Албанија; *Тињан – Република Хрватска; *Фоча- Република Српска, Босна и Херцеговина, а исто така ќе ги интензивираме и активностите за збратимување со Наводари, Република Романија и Сент Жам, Регион Долна Нормандија, Република Франција, со кои веќе оствариме првични контакти и средби.

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

**Проект: Набавка на нова противпожарна опрема**

Со цел подобрување на условите за работа на вработените во ТППЕ Крушево, но и успешно, целосно и навремено извршување на задачите ќе се набави нова против пожарна опрема која опфаќа набавка на лична опрема за пожарникарите како и набавка на целокупната дополнителна опрема на единицата за противпожарна заштита Крушево.

**Средства:** 500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината и донации

Рок: 2013-2017

**Проект: Сигнализација за побезбедна сообраќајна околина**

Проектот опфаќа замена и поставување на нови сообраќајни знаци и патокази, поставување на помагала за забавување на брзината на возилата во околината на детските градинки, основните и средните училишта и на најфреквентните улици, воведување на системи наменети за увид и евиденција во почитувањето на сообраќајните правила, како и обележување на улиците заради прегледност во

движењето на возилата и пешаците и др. Ќе се овозможи непречено движење низ градот и полесно доаѓање до бараната дестинација.

**Средства:** 300.000,00 денари

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок: 2013 – континуирано

**Проект: Обука наменета за ученици од средни и основни училишта за ракување со противпожарни апарати и превенција и заштита од пожари и експлозии**

Со спроведување на обуките ќе се придонесе кон јакнење на свеста кај младите луѓе и ќе се постигнат знаења за поголема заштита и превенција од пожари, особено во спречување и гасење на шумските пожари. Исто така, ќе се запознаат и со карактеристиките на запаливите и експлозивните материи, правилно ракување со нив и заштита, како и мерки за санирање на повреди (петарди и сл.).

**Извори на финансирање:** Буџет на општината

Рок: 2013 – континуирано

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

## ВМРО-ДПМНЕ обезбедува „БЕЗУСЛОВНИ И ЕДНАКВИ ШАНСИ ЗА СИТЕ“

Со цел остварување на заложбите и поставените приоритети Општина Крушево предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе се посвети на реализација на следните проекти:

**Проект: Отворање Дом за стари лица во Крушево**

На таков начин ќе овозможиме целосна заштита и грижа за старите лица во Општината.

**Средства:** 30.000.000,00 денари

**Извори на финансирање:** 50% Буџет на Општина и 50% Буџет на РМ

Рок: 2014 – 2016

**Проект: Формирање на советодавен пункт за помагање при вработување**

Ќе формираме општински советодавен пункт преку кој ќе се даваат информации за помош и совети при вработување. Општинската администрација согласно со своите политики за намалување на невработеноста, во соработка со Агенцијата за вработување на РМ и Центарот за социјални работи, преку трибини, лични средби и посети во домовите на граѓаните ќе помага и ќе ги поттикнува невработените да аплицираат за вработување преку активните политики за вработување, при тоа посветувајќи посебно внимание на унапредувањето на положбата на ранливите групи меѓу кои се децата без родители, самохраните родители, постарите лица од 55-62 години, професионалните војници, жртвите на семејно насилство и инвалидните лица, како и спречување на ризиците од нивно маргинализирање.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013 – 2017

**Проект: Изградба на пристапни рампи за лица со посебни потреби**

Ќе изградиме пристапни рампи за лицата со посебни потреби во сите институции во општината. Со изградба на пристапните рампи се премостува хендикепот и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.

**Средства:** 300.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013 – 2016

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Поевтините лекови – при што продолжуваат заложбите за дополнителни намалувања на цените на лековите. Со тоа се овозможува поголема достапност на лековите, но и сериозна заштеда на финансиски средства во здравствените установи и кај граѓаните;
- Бесплатното болничко лекување за пензионери доколку нивната пензија е пониска од просечната во Република Македонија;
- Бесплатната ХПВ вакцина за спречување на ракот на матката кај женската популација, скрининзи, превенција на кардиоваскуларни болести;
- Бесплатните здравствени превентивни прегледи - за проверка на холестерол, гликемија во крв, кои се прават на пунктовите и при тоа се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење;
- Националниот систем за закажување на интервенции – чиј почеток претставува проектот „Мој термин“ со кој во голема мера се придонесе кон намалување на времето на чекање на пациентите за одредени здравствени услуги и дијагностички процедури;
- Обезбедувањето услови за стручно усовршување на здравствените работници и здравствени соработници и
- Реорганизирањето и зајакнувањето на здравствените домови - зголемување на бројот и видот на услугите со фокус на населението во руралните средини, вклучително и унапредување со опрема и доекипирање на поливалентна (повеќефункционална) патронажна служба во нивните рамки - проект кој во голема мера ќе придонесе кон зајакнување на соработката помеѓу матичните гинеколози и патронажните сестри со цел навремено меѓусебно информирање за бремени и породени жени, зголемување на бројот и видот на услугите кои ќе бидат давани од страна на патронажните сестри на населението во руралните средини.

Во соработка со Владата на Република Македонија и понатака ќе продолжиме континуирано да го унапредуваме системот на здравствена заштита, со што ќе се овозможи граѓаните - корисници на здравствените услуги да бидат задоволни, а нивните проблеми брзо и ефикасно решени.

**Проект: Реконструкција на кровот на Здравствениот дом**
**Средства:** 1.500.000,00 денари
**Извори на финансирање:** Буџет на РМ
Рок: 2013

**Проект: Замена на фасадна столарија во Здравствениот дом**
Ќе бидат заменети сите прозори и врати на Здравствениот дом.
**Средства:** 2.600.000,00 денари
**Извори на финансирање:** Буџет на РМ
Рок: 2014

# ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

### АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ И ПАТИШТА

**Проект: Реконструкција на локален пат (с.Кривогаштани с.Светомитрани – с.Бучин)**
Проектот ќе овозможи реконструкција на локалниот пат во должина од 6,76 км.
**Средства:** 23.100.000,00 денари
**Извори на финансирање:** Буџет на РМ
Рок: 2014

**Проект: Асфалтирање и реконструкција на главната улица**

Со проектот се опфаќа главната улица од влезот на градот до Спомен куќата на Тодор Проески и меморијалниот центар Гумење во должина од 2,5 км. Во рамките на проектот ќе се изврши асфалтирање, промена на целата подземна инфраструктура, водовод и одвод, електрична инсталација со што би се отстраниле бандерите за довод на електрична енергија и ќе се постави оптички кабел, а исто така предвидена е изградба на современ кружен тек на влезот од градот.

**Средства:** 15.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината и Буџет на РМ

Рок: 2016

**Проект: Изградба на локален пат Борино – Житоше**

Со проектот ќе биде изграден патот во должина од 2 км. Со неговата изградба значително се скратува патувањето на граѓаните од овој регион, а истиот ќе го користат и луѓето кои живеат во поблиските села Борино, Саждево, Јакреново.

**Средства:** 6.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013

**Проект: Изградба на полски пат во с. Бучин**

Со проектот се предвидува изградба на инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште, полски пат.

**Средства:** 2.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2015

**Проект: Асфалтирање на улици во селата**

Ќе бидат асфалтирани селските улици во следниве села:

- с.Бучин - должина 1 км
- с.Саждево - должина 1 км
- с.Врбоец - должина 1 км
- с.Норово - должина 1 км
- с.Алданци - должина 1 км
- с.Борино - должина 1 км

**Средства:** 30.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2014-2016

**Проект: Поплочување на улици во селата**

Поплочувањето ќе се врши со бекатон-плочки и ќе бидат опфатени улици во:

- с.Св.Митрани-должина 300 м
- с.Пуста Река-должина 300 м
- с.Белушино-должина 200 м

**Средства:** 2.000.000,00 ден

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

Рок: 2016-2017

**Проект: Реконструкција и поплочување на улици во градот**

Ќе се реконструираат повеќе улици во градот. Предност ќе имаат оние улици кои се видно оштетени и потребна им е целосна реконструкција. Поплочувањето ќе се врши со бекатон-плочки и ќе бидат опфатени улиците:

- Мише Ефтим – 500 м2
- Таќа Бербер – 700 м2
- Благо Целев – 1000 м2
- Томе Никле – 1300 м2
- Нико Доага – 2300 м2
- Киро Фетак – 500 м2

**Средства:** 6.000.000, 00 ден

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

Рок: 2013-2017

**Проект: Санирање на дупките на сите локални патишта**

Проектот предвидува комплетно санирање на дупките на сите локални патишта во општина Крушево.

**Средства:** 300. 000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

Рок:2013-2017

**УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ**

**Проект: Уредување на тротоарите на главната улица**

Со цел постигнување на идентичен изглед на тротоарите од влезот на градот до месноста Гумење ќе се уредат тротоарите со асфалт и поставување на гранитни ивичници.

**Средства:** 10.000.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ

Рок:2016

**Проект: Уредување на тротоарите Крушевските скали**

Со цел постигнување на подобар изглед на тротоарите на пешачката улица Крушевски скали сé до главната сообраќајница ќе пристапиме кон уредување на тротоарите со гранитна коцка.

**Средства:** 2.500.000,00 ден.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општината

Рок:2015

# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

**Проект: Неделен час по екологија за секој ученик во Крушево**

Проектот предвидува одржување на неделен час по екологија наменет за учениците. Неделниот час би се реализирал во соработка со училиштата во општина Крушево. Заради оформување на еколошката свест на најмладите, учениците на основните и средните училишта треба да се врши промоција и одржување на часови по екологија кои ќе опфаќаат предавања за значењето на селектирањето отпад, придонесите од одржување на здрава животна средина.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок:2013-континуирано

**Проект: Сервис на волонтери за помош на немоќните**

Формирање на Сервис за персонални асистенти, претежно заснован на функционирање на база на волонтерство, претставува нов тип на услуга за лицата со физички инвалидитет, кој во светот постои и успешно се применува со децении. На лицата со потежок степен на инвалидност им е потребна асистенција од други луѓе во секојдневниот живот при станување, лична хигиена, одење во тоалет, облекување, купување, подготовка на храна, чистење, чување на деца или помош на остарен родител. Асистентот му помага на корисникот на работа, при излегување во град, на патувања, ассистира при комуникација и сл.

Општата цел на проектот е поддршка на самостојниот живот на лицата со инвалидност преку воведување на нова вонинституционална форма на социјална заштита на лицата со телесна инвалидност, а во втора фаза и на слепите лица. Општината треба да го помага со пружање на организациска логистика и обезбедување на простор.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок:2013

**Проект: „НУЛА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ“**

Во секое село треба да се одреди место каде би можел да се транспортира отпадот. Во ваквата акција да се вклучат сите фирми кои се занимаваат со ваквата дејност како и сите фирми кои се во состојба да помогнат за целосна реализација на акцијата. Преку јавен оглас треба да се повикаат и сите граѓани врз основа на доброволна работа да земат учество во реализицајата на проектот. По завршување на проектот да се формира „Општинска еколошка контролна служба“ која ќе врши дневна контрола.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок: 2013-континуирано

**Проект: Локални меѓу училишни натпревари по математика, природни науки и/или иновации во соработка со основните училишта**

Општината да обезбеди награди и да биде покровител на натпреварите, додека училиштата ќе вршат осмислување на методологијата на оценување. Концептот на натпреварите да го договорат училиштата во соработка со локалната самоуправа на Крушево. Општина Крушево да настојува да обезбеди вклучување во систем каде победниците од овие локални натпревари би можеле да бидат учесници во републичките натпревари во соодветната област.

**Извори на финансирање:** Буџет на општина

Рок: 2013-континуирано